Оваа година, во дух на континуирано обележување на педесетгодишниот јубилеј од основање на факултетот, Деканот и Управата на Машинскиот факултет за прв пат организираа Новогодишна прослава на малку поинаков начин.

Вработените беа позитивно изненадени со поканата на ден 29 декември, традиционално, веднаш по одржувањето на последниот Наставно-научен совет, да го прослават завршувањето на оваа и да го поздрават доаѓањето на Новата година во идилична атмосфера во ресторанот „Етно село“ – Нагоричане. За прв пат, радоста и новогодишниот дух и веселба ги споделивме со колегите од Факултетот за фармација.

Официјално, поканата повикуваше на неограничена забава, јадење и пиење во друштво на „Етно бенд“ и „Алачки“.
Неофицијално, подмладокот на Факултетот беше задолжен, се до последен момент, во највисока тајност да го чува планот за дополнително анимирање на и онака жешката атмосфера.

Прославата, во Јована, доби личен феноменален Дедо (Баба) Мраз(ица) кој(а) ги пречека присутните и на влез во ресторанот им подари по мало слатко изненадување.
По поздравните говори на Деканот на Машинскиот и Продеканката на Фармацевтскиот факултет, проф. Дудевски, ја отвори прославата со староградска македонска нумера.
Кристина, Гоце, Емилија и Иле беа одговорни за организирање на лотаријата, во чија реализација in situ, ad hoc се вклучија и колегите од Фармација.
Во паузата на професионалните забавувачи, со нумерите по сопствен избор од поновата но и постарата музичка историја, Јована, Бојана и Даме најавија жестока конкуренција на „Етно бенд“ и „Алачки“. На лицата на професионалците, можеше да се насети мала загриженост дека некој веќе им го „краде“ занаетот. Браво за надарените машинци!!!
Повторно, колегите од фармација спонтано се придружија на иницијативата, за и тие да „ не останат покусо“ во покажување на нивните скриени таленти.
„Караоке“-то, во менаџмент на Елисавета и Ташко, беше природен продолжеток на распеаната дружина.
За разубавување на атмосферата со разновидни „модни додатоци“ – дедомразовски капи и еленски рогови - беа задолжени младите, а некаде во паузата помеѓу лотаријата и другиот дел од забавата конфетите на Бојан, Маријо, Никола, Виктор и Ташко се разлетаа по вжештената и преполнета сала на „Етно село“.
Изгледа, следната година ќе мора да договориме проширување на салата само за потребите на Машнски факултет, затоа што вака димензионирана, сегашната сала беше на граница на обезбедување место за разиграните машинци и фармацевти. Сепак, тоа не ги спречи ни едните ни другите со игра и песна, во хор да се забавуваат до последната минута.
Кулминација на забавата беше огнометот кој ги пречека присутните на излез од ресторанот и му даде посебен шмек на крајот на оваа шестчасовна забава во пазувите на Нагоричане.
Браво за идејата, организацијата и реализацијата на настанот!

**Навестувајќи за догодина уште повесела атмосфера, ја користиме оваа пригода на сите да Ви посакаме многу здравје, радост, среќа, љубов, и многу работни и приватни успеси во Новата 2010 Година и среќни и весели Божиќни празници.**